**СЕДМА ПОЛИТИЧКА АКАДЕМИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА ДЕМОКРАТИЈА 2014**

**Групен истражувачки труд**

# ГЛАВНИТЕ ПРИОРИТЕТИ ВО СФЕРАТА НА ЕКОНОМИЈАТА ВО ПРОГРАМИТЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ЗА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2014 год.

Изработиле:
Марко Ѓоргиевски
Александар Писинов
Фатон Положани
Кристина Пеповска
Златко Шарчевиќ
Борче Иванов
Невена Спасовска
Маја Башова
Стојан Рашков
Марија Вељовска Кондовска

Јуни, 2014








## *Содржина*


Вовед ....................................................................................................................2

1. Програма на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија – СДСМ..........................3

2. Програма на Граѓанска опција за Македонија – ГРОМ................................................6

3. Програма на ВМРО-ДПМНЕ..........................................................................................8

4. Програма на ДУИ...........................................................................................................11

Заклучок........................................................................................................................13




## *Вовед*

Политиката и економијата се синхронизиран дел од нашето секојдневие. Имајќи ја во предвид поврзаноста на економијата и политиката, а посебно во поглед на економските последици што резултираат од имплементираните политики, и важноста на економијата за животот на граѓаните, економската програма на политичките партии игра важна улога во остварувањето на амбициите за добивање моќ. Во 90тите години, односно во почетокот на македонскиот плурализам, политичките програми изостанувaa од политичкиот натпревар, но затоа континуирано на последните изборни циклуси фокусот за добивање на глас се повеќе се токму политичките програми понудени од страна на партиите.

Партиските програми исполнуваат разновидни функции. Основната партиска програма е идентитет на партијата и им нуди на граѓаните и гласачите општа ориентација за водечките принципи и идеи на партијата. Со својата програма, партијата го оправдува своето постоење и објаснува на кој начин се разликува од другите. Партиската програма ја илустрира политичката амбиција и основните вредности, барања и сугестии од партијата.

Политичките партии за време на изборната кампања за предвремените парламентарни избори 2014 година на електоратот му понудија свои политички програми. Во нив партиите спакуваа мерки и проекти кои би ги имплементирале доколку партијата го добие легимитетот за водење на идната влада. Заедничко за сите политички програми од предвремените избори 2014 година е дека најголем акцент се стави на економијата, односно на економските мерки со кои би се променила моменталната ситуација во државата кон подобро а со тоа и би се освоиле гласовите на електоратот.

Во кампањата беше понуден широк спектар на економски мерки од страна на политичките партии кои беа предмет на нашиот истражувачки труд.

Анализата ги опфати главните приоритети во сферата на економијата во политичките програми на Социјал-демократскиот сојуз и ВМРО-ДПМНЕ, партијата ГРОМ, и партијата ДУИ од албанскиот блок. Идентификуваме кои се главните проблеми кон кои се насочуваат партиите и преку кои методи истите ќе ги решаваат. Дополнително, анализираме колку планираните економски мерки соодветсвуваат на идеолошката определба на партиите.

За таа цел ги идентификувавме партиите со економски програми подготвени за предвремените парламентарни избори, и се фокусиравме на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ како најголеми партии од македонскиот блок, предводници на двете големи коалиции; партијата ГРОМ; и ДУИ како партија од албанскиот блок која подготви ваква програма.[1] [2]

Главните претпоставки се дека партиите преку своите програми ги адресираат најгорливите проблеми на висока невработеност и ограничен економски раст; и комбинираат идеолошки разнолики мерки што не соодвествуваат на нивната идеолошка позиција.

## *Главен дел (анализа на програмите на политичките партии)*

### Програма на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија

### „Промени за нов почеток – да ја вратиме средната класа“

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) е модерна, демократска, социјалдемократска партија која своите корени ги влече од традиционалните левичарски идеи кои опстојуваат на ова територија и тежнее кон создавање на општество кое се базира на еднаквост, слобода, демократија, членство во евроатланските интеграции, економски развој и солидарност.[3] Социјалдемократијата, во суштина, е левичарско-центристичка идеологија којашто функционирањето на економијата го базира на

[1] Партијата ДПА и покрај нејзината важност во албанскиот блок не е вклучена поради отсуство на економска програма за настап на изборите

[2] Останатите политички партии беа изоставени пореди отсуство на конкретна економска програма за изборите или претопување на нивните програми во програмата на коалициите доминирани од СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ

[3] http://www.sdsm.org.mk/Default.aspx?mId=45&lId=1

фукционирањето на пазарот ставен во потребната рамка на регулирање со цел постигнување на држава на благосостојба,  и е водена од трите главни економски принципи на раст, одржливост и социјална правда (Vaut et al. 2011:65).Ваквата економија е всушност координиран капитализам и има за цел да ја ограничи појавата на нееднаквости и пазарни неуспеси кои се неизбежни кај слободните пазари.

Во Македонија, носител на социјалдемократските вредности и идеи е Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ). Имено, програмата која СДСМ ја нарече „Промени за нов почеток – да ја вратиме средната класа“ е резултат на повеќемесечната идеја за социјална праведност и економска стабилност. Со оглед на тоа што програмата за враќање на средната класа се занимава  со состојбата на работничките права и синдикатите, истата е широка и ги опфаќа и работниците, и укажува дека СДСМ се заложува за еден од концептите на левата идеологија. Оттука, првиот столб од програмата на СДСМ се однесува токму на враќањето на средната класа и се споменуваат мерки со кои би се постигнало тоа.

Првиот столб, „Да ја вратиме средната класа“, започнува со економскиот систем и економската политика и нивната сегашна состојба, идентификувајќи ги главните проблеми: отсуство на квалитативен економски развој; високата стапка на сиромаштија и невработеност и сѐ поизразена нееднаквост во општеството.  Понатаму се претставува пристапот на СДСМ со цел решавање на овие проблеми.

Основните вредности на социјалдемократијата се слобода, правда и еднаквост, а до нивно остварување се доаѓа само доколку економската политика се насочи кон три принципа кои ја чинат социјалдемократијата: економски раст, социјална рамнотежа и одржливост (Дам 2012: 57, 66).[4]

Оттука, како основни цели на економската политика на СДСМ се поставени следните три работи: постигнување на забрзан и одржлив економски развој, подобрување на животниот стандард на сите граѓани (остварување на праведен развој) и подготвување на македонската економија да биде дел од економијата на ЕУ (СДСМ 2014: 11).

Социјалдемократските стремежи во поглед на економијата се однесуваат на макроекономската политика која цели кон одржување ниска инфлација, смалување на задолженоста на земјата и користењето на активните мерки од страна на државата, преку

[4] http://www.gradjanskisavez.rs/socijaldemokratija-2/

микро кредити и помош за поттикнување на економскиот развој и за зголемување на вработеноста (Спасов 2008б:8). Социјалдемократската економска политика се залага за т.н. комбинирана економија, односно пазарно-планска економија базирана на јавна и приватна сопственост (Спасов 2008а:18). Оттука, и насоката на СДСМ кон унапредувањето и развојот на микро, малите и средните претпријатија. А, тие, пак, се двигател на развојот на претприемништвото, а владата (државата) игра улога на насочувач на промените (СДСМ 2014:12). Во смисла на економската политика, битно е да се истакне дека владата (државата) треба да претставува партнер и сервис на бизнисите и на целокупниот деловен сектор во Македонија (СДСМ 2014: 12).

Според ова, за успешно постигнување на зацртаните цели, економската политика на СДСМ ги презема и спроведува следните политики:

1) *Политика на макроекономска рамнотежа*
   - соодветна координација меѓу фискалната и монетарната политика што ќе одржува макроекономска стабилност
   - ниска инфлација, ценовна стабилности одржлив буџетски дефицит;
2) *Редефинирање на поставеноста и на начинот на остварување на фискалната политика*
   - реален буџет – планирање буџетски приходи согласно финансиските моќности на стопанството,
   - одржување на разумен буџетски дефицит (најмногу до 3% од БДП),
   - постепено менување на структурата на буџетските расходи кон пораст на капиталните инвестиции,
   - намалување на постојните парафискални давачки, што ќе претставува реално подобрување на домашното окружување за водење бизнис;
3) *Реформа на даночниот систем*
   - преку враќање на 15% од платениот ДДВ кон сите крајни потрошувачи,
   - праведно оданочување, односно т.н. прогресивен данок (стапка на персонален доход од 9% за годишен приход до 720.000 денари и од 18% за приход над тоа),
   - ослободување на земјоделците од персоналниот данок на доход,
   - задржување на рамниот данок од 10% кај данокот на добивка,
   - редефинирање на данокот за имот (повисок данок за втор, трет стан);
4) *Системска грижа на сите ранливи категории на граѓани*

5) *Активна политика за намалување на невработеноста*– преку голем број на мерки на пазарот на труд и подобрување на квалификациите на работната сила. Приоритет ќе биде отворањето на нови работни места во приватниот сектор и обемни буџетски стимулации за отпочнување на сопствен бизнис (повисока минимална плата, мерки за вработување на млади, мерки за вработување на жени);

6) *Политика на извозна експанзија* - постигнување на сè поголем извоз, особено на производи и услуги кои ќе содржат поголема додадена вредност. Таа стратегија е реално најизгледна и овозможува најдобри изгледи за побрз и одржлив економски развој;

7) *Политика за подобрување на извозната конкурентна способност на домашните претпријатија и освојување на нови извозни пазари;*

8) *Политика на пораст на домашните приватни инвестиции* за таа цел, покрај намалување на каматите на банкарските кредити, домашните инвеститори ќе ги добиваат истите поволности како и странските;

9) *Политика на зголемување на јавните (владините) инвестиции*во патишта, енергетски објекти, воведувањена поевтини видови енергија (гасификација), заштеда на енергија и сл.;

10) *Политика за привлекување странски директни инвестиции* преку поедноставување процедурите за добивање на работни дозволи за странски државјани;

11) *Политика за подобрување на способноста на македонската економија за искористување на ЕУ фондовите за економски развој;*

12) *Политики за подобрување на ликвидноста во македонската економија –* навремено и целосно плаќање на обрските од страна на државните институции;

13) *Политика на фер и еднаков третман на сите стопански субјекти;*

14) *Правна сигурност на сите стопански субјекти во однос на примена на законите;*

15) *Редефинирање (продлабочување) на децентрализацијата* преку зголемување на ингеренциите на општините и градот Скопје.

Следствено, политиките кои СДСМ ги презема во однос на економската политика, како што се макроекономската рамнотежа, фискалната политика, промените во даночниот систем со цел порамномерна прераспределба, намалувањето на невработеноста, порастот на јавните инвестиции, привлекувањето на странските инвестиции,

зголемувањето на домашните инвестиции и сл., укажуваат на конзистентност со левоориентираната идеологија. Тоа значи дека СДСМ се стреми кон остварување на социјалдемократските економски принципи со цел реализација на основните социјалдемократски вредности: слобода, правда и солидарност.

## Програма на Граѓанска опција за Македонија - ГРОМ

### „Храбро за Македонија“

Партијата ГРОМ е релативно нова партија на македонската политичка сцена која се декларира како партија на центарот. Ваквото позиционирање значи дека нејзиното дејствување би требало да поддржува политики кои спречуваат драстични померувања кон порадикалната левица и десница. Во однос на економијата, партиите од центарот комбинираат лево и десно ориентирани решенија за економските и социјални предизвици за постигнување на целите од јавен интерес, кои би се оствариле преку фукционирањето на пазарот врз кој би постоела ограничена контрола од страна на државата.

Во програма на партијата ГРОМ за периодот 2014-2018, презентирана за парламентарните избори 2014, често спомнуван концепт е социјално-пазарната економија, со која би се избалансирале индивидуалните слободи и социјалната правда. За постигнување на таквата економија, партијата предлага создавање на поповолна економска клима преку намалување на оптоварувањата на бизнисот и насочување на јавното трошење во капитални инвестиции, поддршка за малите и средни бизнизи, субвенции во секторите од посебно значење, фокус кон средната класа, како и соодветна социјална политика која би им помогнала на социјално загрозените граѓани. Партијата смета дека средната класа е “притисната помеѓу интересите на капиталот и колективните трудови права (ГРОМ 2014:8)” со што присутно е наклонување десно од центарот.

Партијата во својата програма ги идентификува поважните елементи кои таа ги смета за посебно важни и преку кои би постигнала социјално-пазарна економија во Македонија. Главната цел е постигнување на раст на БДП на начин на кој би се адресирале проблемите на високата невработеност и сиромаштија, но и децентрализација на економската активност и моќ во сите региони на земјата.

На среден рок партијата цели кон достигнување ниво на БДП по жител од 7500 УСД и намалување на невработеноста на 18%, споредено со сегашните 4900 УСД по глава на жител и стапка на невработеност од 28.4%. Гром планира овие резултати да ги постигне преку инвестиции во образование и инфраструктура кои би надминале 15% од БДП, а од кои 65% би биле насочени кон подобрување на економската инфраструктура.

За приватниот сектор партијата воведува мерки за финансиска поддршка и подобрување на кредитирањето како и поповолна правна рамка.Партијата ветува намалување на трошоците за работа со посебен фокус на потребите на малите и средни претпријатија. Дополнително за извозно ориентираните претпријатија кои бројат повеќе од 50 вработени програмата предвидува намалување на царините и даноците за опрема, суровини и репроматеријали.Посебно внимание се обрнува на земјоделството како посебно важна дејност за македонската економија, за што се воведуваат субвенции и ослободувања од давачки спрема државата.

Главните приоритети на ГРОМ во областа на економијата се подобрување на економскиот раст, животниот стандард на граѓаните и децетрализација на економската моќ.Гледано од аспект на методите преку кои би се постигнале економските цели, примарно место му е дадено на доброто фукционирање на пазарот со ограничено учество на државата, со што партијата е позиционирана во центарот со наклонувања спрема десно.

## Програма на ВМРО ДПМНЕ

### “Проверено“

Пазарот, државата и граѓанското општество се три столба на современите, доброуправувани општества. ВМРО-ДПМНЕ, како партија ориентирана десно од центарот, се залага за повеќе пазар, намалување на влијанието на државата врз пазарот и за ограничена државна администрација.

Државата има првенствено регулативна и контролна функција во економскиот и во јавниот сектор. Таа ги поставува рамките во кои граѓаните, јавните институции и бизнис-секторот ги почитуваат процедурите. Таа ги поставува, заедно со другите релевантни политички актери, правилата на дејствување во политиката, стопанството и во јавниот

живот. Најдобра социјална политика е политиката што отвора нови работни места и генерира економски раст.

ВМРО-ДПМНЕ е партија која се потпира на активниот поединец, кој како граѓанин, претприемач и работник се организира и се здружува, зашто целта не е авторитарна држава со монопол на контролата. Државата тутор не е идеал на конзервативните партии и таа не смее да ја попречува приватната иницијатива и да го загушува пазарот.Конзервативизмот на ВМРО-ДПМНЕ се темели и на вредностите на јавната одговорност на приватниот сопственик.Прашањето на сопственост не може да се сведе само на решавање на односот меѓу приватната и државната сопственост. Постојат различни легитимни форми на сопственост (задружништво, акционерство, заедничко работничко сопственишто и сл.), како и разни форми на соработка на сопственици. ВМРО-ДПМНЕ го поддружува концептот за јавно и приватно партнерство.

Воедно, конзервативците се скептични кон иновации и промени.

Дел од програмските цели кои само делумно содејствуваат со конзервативната доктрина од економски аспект се:

- Проект бр.55: *„Влада и компании"- Мотори на развојот на Македонија* (поддршка и стимул на домашните компании)
- Проект бр.73: *„Странски експерти за Македонски компании* (Подобрување на конкурентноста на домашните компании и пристапот до нови пазари)
- Проект бр.72: *„Издавање на сите нефункционални објекти во државна сопственост"* (Сите неактивни, руинирани и нефункционални објекти во државна сопственост да се дадат под закуп на заинтересирани лица од приватниот сектор за минимален, симболичен надомест, а за возврат приватниот партнер ќе треба да ги уреди и да работи во нив и дополнително да вработи луѓе. Со оваа мерка ќе им се овозможи на малите фирми кои не можат да си дозволат сопствен простор или да плаќаат скапа кирија, да се здобијат со потребниот простор за проширување на бизнисот, а државата ќе ги стави во функција објектите кои не се користат).
- Проект бр.77: *„Финансиска поддршка за женско претприемништво"* (Со мерката ќе се субвенционираат претпријатија во сопственост на жени (над 50%) и

управувани од жени, државјанки на Република Македонија, преку кофинансирање на 60% од докажаните трошоци)

- Проект бр.78: „*Финансиска поддршка за новоосновани претпријатија од страна на млади претприемачи*“ (Со мерката ќе се субвенционираат новоосновани претпријатија чии основачи (над 50%) и управители се млади лица до 30 години, државјани на Република Македонија, преку кофинансирање на 60% од докажаните трошоци)

- *Поддршка на јавно приватно партнерство преку следните проекти:* Топлификација на Битола, ЕЛЕМ, рудник и термоелектрична централа во Мариово, хидроелектрична централа Чебрен и сл.

Погоре наведените проекти е потенцирано дека само делумно ја отсликуваат конзервативната, десничарска идеологија и тоа во правец на стимулирање на претприемачкиот дух, индивидуалната и приватната сопственост. Но сепак, оваа стимулација е планирана да се спроведе со помош на финансии од државниот буџет и со инјектирање на средства во стопанството. Значи, постои мешање на државата во економијата и пазарот не делува преку механизмот на невидливата рака.

Поголемиот дел од проектите кои се наведени во програмата „Проверено“ ниту во најмала мера не соодејствуваат со нивната конзервативна доктрина. Во продолжение се наведени дел од нив:

- Не само што не постои ограничена државна администрација, туку истата се стимулира преку подигнување на платите за вкупно 21,5%, односно по 5% годишно.

- Од аспект на макро економијата, десничарската идеологија се залага за намалување на севкупното даночно оптоварување кон приватниот сектор.

  Во делот на даночната политика воопшто не е спомнато било какво намалување на досегашните високи даноци или било каква поволност за приватниот сектор, сем намалување на ДДВ-то за добиточна храна, како и една ставка од проектот за воведување на електронски фактури. Останатите 15 проекти во овој дел воопшто не соодејствуваат со идеолошката конзервативна матрица од аспект на економијата за намалување на даночното оптоварување на приватниот сектор.

- Макроекономски политики и проекции: Умереното ниво на буџетскиот дефицит и неговото постепено намалување ќе овозможат Македонија и натаму да остане земја со умерено ниво на задолженост, со што ќе се задржи позитивната перцепција на инвеститорите за земјава и ќе се влијае врз одржување пониски каматни стапки во економијата.“ (ВМРО - ДПМНЕ зацртуваат намалување на буџетскиот дефицит на ниво од 2,5 отсто во 2018 година. Но, тоа е контрадикторно со предлогот за реализација на решенијата кои ги нудат во програмата. Од предложените извори на финансирање на проектите се извлекува заклучок дека реализацијата на програмата на сегашната владејачка партија ќе ја втурне Македонија во бранот на нови задолжувања.

Според програмата се предвидува за четири години само во триесетина инфраструктурни објекти да се вложат речиси две милијарди евра. Годишно тоа би дошло по петстотини милиони евра само во инфраструктура. Ако на ова се додадат милионите евра предвидени за спортски објекти, туристички центри, езера, заштита на околина, етносела, региони, бројката ќе стигне до милијарда евра годишно за капитални објекти. За споредба, во 2013 година вкупните расходи за капитални трансфери изнесувале 260 милиони евра. Тоа значи четири пати поголеми вложувања годишно).

ВМРО-ДПМНЕ се потпира на досегашните постигања и преферира продолжување на досегашната политика. Нивниот слоган „Проверено“, упатува на тоа дека Македонија е успешна земја и дека не треба да оди во неизвесност. Програмата на ВМРО-ДПМНЕ е обемна и опфаќа голем број на проекти меѓу кои презентирани се и проекти во вредност од илјада евра како и проекти за селски патчиња со што се добива впечаток на кванитативно трупање што повеќе проекти со цел добивање впечаток на масивност на програмата. Дополнително претставените проекти значат трошење на значајна сума буџетски средства што покрева прашања за начинот на нивно финансирање и одржливост.

Само површната анализа на буџетот ќе покаже дека тековните расходи каде што спаѓаат пензиите, платите на администрацијата, трошоците за здравство, социјална помош потоа најнеопходните трошоци за стоки и услуги од комуналната сфера изнесуваат над две милијарди евра на годишно ниво. Ако се има предвид дека се предвидува кумулативно зголемување од 21,5 отсто на платите на администрацијата, постојан пораст на пензиите од најмалку 5 отсто годишно, како и други ставки во

„Проверено“ може да се заклучи дека оваа програма е целосен хомоним на економската конзервативна идеолошка матрица.

## Програма на ДУИ

Главната економска цел на ДУИ е економскиот раст и брзиот и стабилен економски развој, како и подобрување на стандардот на живеење и економската благосостојба. ДУИ се залага за  успешна координација меѓу макроекономските политики и структурните реформи, односно за макроекономската стабилност, од една страна и брз и стабилен економски раст и нови работни места, од друга страна.

Од аспект на макроекономската политика, во идниот период фокусот се насочува кон обезбедување услови за поголема економска активност од аспект на водење на стабилна фискална политика, која што во координација со монетарната политика ќе придонесе за постигнување на одржливоста на надворешната позиција на земјата и постигнување на макроекономската стабилност на економијата. Така, ДУИ очекува економскиот раст во 2014 да биде 3.2%;  3.8% во 2015 ; и 4.9% во 2016 година.

Макроекономската стабилност преставува еден дополнителен услов, но не и доволен за економски раст. Важноста на макроекономската стабилност се актуализираше и во меѓународната заедница од условите кои се создадоа во време на глобалната економска криза. ДУИ се залага за макроекономска стабилност којашто ќе овозможи рамнотежа на среден период на сите економски сегменти во земјата, како што се стабилноста на цените и на девизниот курс, фискалната стабилност и стабилноста во надворешниот сектор.

*Брз и стабилен економски раст*

Економијата на Македонија се карактеризира со скромен економски раст, невработеност и со трговскиот дефицит. Подобрувањето на стандардот на живеење бара поголем и побрз економски раст којшто треба да се основа со креирањето на подобар економски простор за инвестиции, создавање на нови работни места и подобрувањето на компетитивната способност на државната економија.

| Економската проекција за период 2014-2018 | |
| --- | --- |
| **Реален раст на бруто домашниот производ (БДП)** | **4-7%** |
| **Инфлација** | **2-3%** |
| **Буџетски дефицит** | **2-3%** |
| **Бруто инеституиите (како % од БДП)** | **27-32%** |
| **Странските инвестиции (4 години,милион евро)** | **800-1,200** |
| **Нови работни места (4 години)** | **40-60,000** |
| **Просечната бруто плата (евро)** | **500-600** |

*Моделот на еконмскиот развој*

ДУИ се стреми за модел на економскиот развој кој се заснова на компетитивна економија со еднакви можности за сите и која вклучува:

- економска интеграција внатре во државата, регионална, европска и глобална интеграција;
- градење на компетитивна економија, раст на инвестициите, раст на извозот и побрз економски раст;
- стабилен раст со подобрување на инфраструктурата и
- социјална, територијална и економска кохезија која ќе овозможи инклузивен раст така што придобивките на економскиот раст да се допирливи за сите.

*Важни теми на економската програма на ДУИ се:*

- транспарента и праведна распределба на буџетот;
- фискалната децентрализација;
- еднаков регионален развој.

Понатаму, во економската програма на ДУИ се вклучени многубројни проекти, воглавно инфраструктурни и капитални, коишто реално можат да му помогнат на економскиот развој на државата. Но ако се фокусираме на идеолошката определба гледано од овој аспект, сè уште не може да се потврди дека ДУИ е лево, десно или централно ориентирана, односно таму каде што се прават конкретните економски

политики, монетарната или фискалната политика, ДУИ сѐ уште нема свој цврст став, но настојува да се брани со сегашниот модел и овде да се работи повеќе на аспектот на еднаквиот регионален развој, што пак е форсирано со многу конкретни проекти коишто во иднина ќе придонесуват за економскиот развој на Република Македонија.

## *Заклучок*

Ниту една политичка партија што учествува во какви било редовни или вонредни избори во државата не може да добие широка народна поддршка и притоа да обезбеди реални услови за победа на тие избори доколку не располага со ефикасна и добро осмислена програма за својата долгорочна работа и идејно-политичко дејствување. Овој задолжителен документ за секоја партија треба јасно да ги утврди фундаменталните политички принципи, цели и задачи на партијата, а исто така да ги определи условите за постигнување на крајната цел на секоја партија, а тоа се учество на изборите, што побројна застапеност во парламентот и партиципирање во органите на извршната власт во земјата. Досега, програмите на македонските политички партии најчесто се состоеа или се преточуваа во нереални популистички предизборни ветувања, проследени до масите преку форсирана и мошне скапа пренагласена медиумска предизборна кампања.

Во програмите за предвремените парламентарни избори 2014, разгледуваните политички партии големо внимание посветуваат на економијата. Заедничко за сите е идентификувањето на главните проблеми на македонската економија односно, како до забрзан економскиот раст, високата невработеност и животниот стандард на граѓаните, прашања кои задолжително мора да ги адресираат за да добијат поддршка од граѓаните. Таму каде што партиите се разликуваат е во размислувањата за причините за овие состојби како и методите кон кои ќе се пристапи за нивно решавање. Дополнително партиите се разликуваат и во степенот на усогласеност на нивните мерки со иделогијата која ја застапуваат.

Предложените мерки на СДСМ  во однос на економската политика во програмата “Промени за нов почеток – да ја вратиме средната класа” претставуваат соодветно

идеолошко решение на економските пробелми поради нивната конзистенстнот со левоцентристичката идеологија на социјалната демократија. Предложените решенија за макроекономската рамнотежа, фискалната политика, даночниот систем, намалувањето на невработеноста, порастот на домашните инвестиции, привлекувањето на странските инвестиции, зголемувањето на јавните инвестиции во клучни сегменти и сл. спаѓаат во рамки на идеологијата на партијата. Во програмата тоа што посебно ја изводојува СДСМ од останатите партии се однесува на: дефининрањето на главните проблеми и приоритети се економскиот развој а не само раст, кој го врзуваат со недоволната ефикасноста и продуктивноста на македонската економија за што предлагаат мерки за нивно зголемување; проблемот на социјалната раслоеност и се поголема нееднаквост; насочување на дел од фокусот и кон работничките права и синдикатите; како и поради пакетот даночни реформи што вклучува и зголемување на некои даноци. Овие прашања не се примарен фокус за другите партии.

Новоформирана партија ГРОМ се залага за социјално-пазарната економија со доминантна улога на пазарот и ограничено учество на државата. Главен акцент става на граѓанинот и индивидуата, но води сметка за социјалната заштита, преку програми за невработените и загрозените групи.  Мерките за остварување на подобар економски раст се насочени кон малите и средни претпријатија, претприемништвото и одредени сектори (земјоделие, енергетика, ИТ). Во однос на макроекономските индикатори партијата ветува амбициозни подобрувања за кои не дава конкретна временска рамка што остава простор за истите да послужат повеќе маркетиншки. За ГРОМ приоритет е децентрализацијата со цел подобрување на развојот во сите региони. Партијата му припаѓа на центарот со одредено наклонување кон десно, и предложените програми соодветствуваат на таа позиција.

ВМРО-ДПМНЕ, стимулацијата што планира да ја спроведе во делот  на претприемачкиот дух, индивидуалната и приватната сопственост е со помош на финансии од државниот буџет и со инјектирање на средства во стопанството, со што се постигнува мешање на државата во економијата и пазарот не делува преку механизмот на невидливата рака. Од аспект на микроекономијата, и десничарската идеологија се залага за намалување на севкупното даночно оптоварување кон приватниот сектор, меѓутоа воопшто  не  е споменато какво било намалување на досегашните високи даноци или каква било поволност за приватниот сектор, освен намалување на ДДВ-то за добиточна

храна, како и една ставка од проектот за воведување на електронски фактури. Трошоците за пензиите, платите на администрацијата, трошоците за здравство, социјална помош, потоа најнеопходните трошоци за стоки и услуги од комуналната сфера изнесуваат над две милијарди евра на годишно ниво. Ако се има предвид дека се предвидува кумулативно зголемување од 21,5% на платите на администрацијата, постојан пораст на пензиите од најмалку 5% годишно, може да се заклучи дека оваа програма е целосно спротивна на економската конзервативна идеолошка матрица.

ДУИ којашто се уште не може конкретно да се одлучи за идеолошко делување, во својата програма се фокусира на најголемите економски проблеми на Република Македонија и тоа: скромниот економски раст, невработеноста и трговскиот дефицит. ДУИ дава рамка од наредните четири години мандат во која што преку транспарента и праведна распределба на буџетот, фискалната децентрализација, еднаков регионален развој и брз и стабилен економски раст ќе придонесат за економски развој на државата.

Постојната практика покажува дека најголем број граѓани во земјите со изградена демократија стапуваат или гласаат за една партија најчесто доколку таа партија нуди јасна и идеолошко-политички добро профилирана програма за својата работа, која има реални можности да биде реализирана. Поддршката од населението следува само тогаш кога тоа ќе се убеди дека односната партија располага со добра и издржана програма. Во случајот на Македонија за предвремените парламентарни избори 2014 присуството на добро разработени економски програми е органичено. Најголемите партии од македонскиот блок СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ имаат вакви програми додека кај помалите тоа е повеќе исклучок. Ситуацијата е слична и во албанскиот блок каде само најголемата ДУИ има изработено економска програма. Од аспект на идеолошката матрица што приграмите би требало да ја следат, од анализираните четири партии, постои иделошко поклопување кај СДСМ и ГРОМ, ВМРО-ДПМНЕ со својата програма не се доследни на својата идеолошка матрица, додека кај ДУИ програмата е општа со фокус на децентрализацијата и отсуство на идеолошка определба.








## *Користена литература*


- ВМРО-ДПМНЕ (2014) Програма Проверено
- ГРОМ (2014) Храбро за Македонија
- ДУИ (2014) Програма
- Дам, Ј. и др. 2012. Социјалдемократска читанка 2. Економија и социјалдемократија. Белград: Фондација Фридрих Еберт
- Спасов, Ѓ. 2008а. Развојот на социјалдемократијата – кус историски преглед. Скопје: Фондација Фридрих Еберт
- Спасов, Ѓ. 2008б. Социјалдемократијата денес – 10-те одредници. Скопје: Фондација Фридрих Еберт
- Програма на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија „Промени за нов почеток – да ја вратиме средната класа“ (2014)
- http://www.sdsm.org.mk/Default.aspx?mId=45&lId=1
- http://hr.wikipedia.org/wiki/Lijevi_centar
- http://en.wikipedia.org/wiki/Middle_class
- http://en.wikipedia.org/wiki/Working_class
- http://www.gradjanskisavez.rs/socijaldemokratija-2/SimonVaut et. al. (2011) Social Democracy reader, Economics and Social Democracy, Fridrich Ebert Stiftung